# Ој Лешо Лешо




— Ој Лешо, Лешо, мамина калешо,
Оти не доаѓаш у мама на гости?
Мама да те гости ситна топеница,
Ситна топеница, шутар матеница.

— Како да дојдам, немам ни со кого,
Едно момче имам, мошне е малечко,
Мошне е малечко, се по мене оде,
Се по мене оде, за поли ме држе.

Појдо за дрва и оно по мене,
Го качи на коњот, се најде под коњот,
Под мишка го носам, и коњот го водам.
— Пушти ме, дадо, дај ми коледашка.
— Не сум ти дада, желки те изеле,
Желки те изеле, волци те разнеле.

Пеел Иван Николовски од Титов Велес 1938 година. (Се пее и во Тиквешко).

---

Топеница = Храна за деца, леб и сирење мешано и гмечено како гупаница.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.